10 денари
Првиот број на весникот излезе во Горно Врановци на 29 октомври 1944 година; nm@novamakedonija.com.mk; marketing@novamakedonija.com.mk
редакција: Атинска бр. 12; телефон: ++389 (0)2 5511711 ; факс: ++389 (0)2 3060652; маркетинг: ++389 (0)2 5511722; дистрибуција: ++389 (0)2 5511734

НАГРАДНА ИГРА
Од 22 септември до 29 октомври
СО „НОВА МАКЕДОНИЈА“ ДО АЈПОД!
● СЕКОЈА СРЕДА „IPOD SHUFFLE 2GB“
● НА КРАЈОТ НА МЕСЕЦОТ „IPOD TOUCH 8GB“
Читај и слушај квалитетна музика



SAVA TABAK
Акционерско друштво за осигурување

ДРУШТВО ЗА ГРАДЕЖНИШТВО а.д. Скопје
БЕТОН
CIVIL CONSTRUCTION COMPANY A.D.SKOPJE

НОВА МАКЕДОНИЈА
65 години
www.novamakedonija.com.mk
ПРВИОТ МАКЕДОНСКИ ДНЕВЕН ВЕСНИК
САБОТА–НЕДЕЛА, 17–18.10.2009 | број: 21.814 | година: LXV

# Жолтиот крст што ги возбуди црвените



Ангелина Димоска
Јасна Франговска

**Мистериозниот жолт крст на плоштадот „Македонија“, всушност, е уметнички проект на сликарот Игор Тошевски, продолжение на неговите интервенции во просторот, насловени „Слободни територии“ од 2004 година. Просторот е исцртан во средата навечер, четвртточното возбудување ги помести сите градски фактори во неговото отстранување, а вчера – се миеше срамот – поради затворениот колективен ум** 27 »

Параноичните реакции на една уметничка интервенција во просторот, која според идејата на авторот **Игор Тошевски**, требаше да означи територија, ослободена од секакви поттексти, ја покажа сета заробеност на колективниот ум, оптоварен со идеолошки, дневноактуелни и верски баласти.

Жолтиот крст што осамна на плоштадот „Македонија“, на местото каде што Владата предвидуваше изградба на црква, брзо беше затемнет со колективна и координирана акција на градските власти и претпријатието „Улици и патишта“.

- Никој од надлежните не знае кој го нацртал крстот - возбудено јавија телевизиите.

- Полицијата не е известена - напишаа весниците.

- Ова е силециска интервенција на МПЦ - рекоа од здружението „Плоштад Слобода“, кое го чува овој јавен простор од најавената нова градежна узурпација.

- Ние ништо не знаеме, нѐ испратија да го пребоиме крстот - рече работникот од „Улици и патишта“.

## Македонија да се подготви за преговори со ЕУ

**Земјава треба што е можно поскоро да има тим од експерти и дипломати што ќе работат на преговорите со ЕУ, смета словенечкиот амбасадор во земјава, Ален Берганд, чија држава формирала работна група за подготовка на преговорите една година пред да добие препорака од Европската комисија**

Ивана Костовска
Сунчица Стојановска

Македонија не треба да чека со скрстени раце до декември за да види дали Грција ќе ги блокира нејзините преговори со ЕУ, туку треба итно да формира експертски тим што ќе ги води преговорите. Експертите ѝ препорачуваат на земјата да почне сериозна подготовка за почеток на преговорите со Брисел. Освен што треба да направи напор за решавање на спорот со името, државава мора да формира тим на експерти што ќе работат на затворање на преговарачките поглавја. Дел амбасадори во земјава и експертите од соседните земји-членки на ЕУ ѝ порачуваат на земјата да го искористи експертското искуство на другите земји за обука на административците.

2-3 »

Денеска




### Македонија 5 »

## Се отвора истрага за оштетените од случајот „Бачило“

Три години по отворањето, случајот добива нов тек и четворицата што го иницираа процесот сега се под лупа на судот под сомневање за измама и за давање лажни искази

### Економија 8 »



**Пензионерите и студентите се колеги по немаштија**

### Спорт 35 »

## ФИФА ранг-листа: Најлош пласман на Македонија по две години

Во октомври 2007 година, Македонија беше 75. на официјалното рангирање и оттогаш па се до вчера, немавме полош пласман од актуелниот, а во меѓувреме пред точно една година го имавме и најдобриот скор – 46 место

Денеска

